КОЛЕКЦИЈА НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ СКОПЈЕ

*COLLECTION FROM THE MUSEUM OF CONTEMPORARY ART SKOPJE*

3

# БЕРНАР БИФЕ



BERNARD BUFFET





Bernard Buffet

МАРТ / АПРИЛ 1994
MARCH / APRIL 1994

# БЕРНАР БИФЕ

*Циклус "Инсекти"*
*"Животни"*
*"Портрети"*

*литографии,бакрорез*
*создадени во 60 тите години*

*Музејот на современата уметност во Скопје со својата квалитетна меѓународна графичка колекција, во која се среќаваме со разновидните истражувања на големите имиња на светската современа ликовна уметност: А.Масон, Ж.Деван, Ж.Лирса, Б.Бифе, В.Пасмор,Б.Рајли, А.Базалдела, Х.Хартунг, Р.Сото, Р.Мортенсен и др., придонесува во градењето на графичката култура на средината во која делува. Организирајќи изложби , на кои самостојно или групно го презентираме графичкиот медиум со сите свои специфичности и квалитети, ја задоволуваме и дидактичката функција на Музејот во запознавањето со размислувањата*



и постигнувањата во овој медиум во XX век.

Донацијата на Бернар Бифе ( 11 литографии и еден бакрорез), француски сликар, графичар и илустратор, заслужува особено внимание со своите невообичаено графички решени мотиви.

Роден во далечната 1928 година во Париз, школуван на "Ecole des Beaux- Arts", многу рано започнува со изложбената активност ( 1946 на "Салонот на младите до 3О год.", во галериите " Drouant-David" i "David - Garnier") што влијае да биде забележан од ликовните критичари кои во 1948 год. му доделуваат награда на Критиката. Периодот кога се појавува младиот Бифе е време кога во Европа сеуште се чувствуваат последиците од Втората светска војна. Постепено ослободување од темнината на војната се чувствува во длабоката експресија во творештвото на Бернар Бифе и другите млади уметници собрани во групата "Човек сведок": Реберол, Мино, Мате, Венар и др., кои видливата стварност ја дефинираат во нејзината темна, од сите илузии лишена перспективност , онака како што ја доживува егзистенцијализмот. Тој апсурд поставен во теориите на Сартр, наоѓа квалитетно место во ликовниот израз на Бернар Бифе.

Синтетизирајќи го својот графизам, оштар и аглест, Бифе се доближува до "мизерабилизмот" на Франсис Грубер(1912-1948), претставен како најдлабока експресија



"мизерабилизмот" на Франсис Грубер(1912-1948), претставен како најдлабока експресија на современото неспокојство.
Преку неговиот анатомски, егзактен, суров и студен реализам многу бесперспективно ни го доловува моралното поднебје во повоениот период.
Сите специфики на неговиот "синтетички фигуратизам", освен во серијата слики: "Страст"(1952), "Пејзаж"(1953), "Актови"(1954), "Војна"(1955), "Циркус"(1956, "Париз"(1957), ги следиме и во изложените графики од циклусите "Инсекти", "Животни"и "Портрети" работени во 60 тите години, во кои согледуваме синтеза на мотивот ограничен со густи, темни и широки контури употребувајќи темна,без сјај, во основа сива и земјена боја.
Нагласените линеаризми, острите вертикално и хоризонтално насочени линии со нагласен ритам, како и аглестите шематизирани облици, го одразуваат експресивно неговото внатрешно доживување на стварноста.

*Захаринка Алексоска Бачева*

*Издавач:*
*МСУ Скопје*
*Одговорен уредник:*
*Зоран Петровски*
*Подготовка на изложбата:*
*Захаринка Алексоска Бачева*
*Ликовно обликување:*
*Стефан Георгиевски*